Архивски број: 08-552/4
09.10.2025 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-552/1 од 4.7.2025 година поднесена од --------- од Скопје, со живеалиште на ул. ---------, во име на неговиот малолетен син ---------, преку полномошник адвокат --------- од Скопје, против Средно училиште на Град Скопје ---------, со адреса на ул. ---------, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на образованието, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** од страна на Средно училиште на Град Скопје --------- врз --------- од Скопје врз основа на лично својство и општествен статус во областа на образованието.

**Образложение**

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (понатаму „**Комисијата**") поднесена е претставка заведена под архивски број 08-552/1 од 4.7.2025 година, од страна на --------- од Скопје, во име на неговиот малолетен син ---------, преку полномошник адвокат --------- од Скопје, против Средно училиште на Град Скопје ---------, за сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус во областа на образованието.

Претставката е поднесена против резултатите од Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година, објавени од страна на ---------, бидејќи со истите била извршена дискриминација врз ученикот --------- од Скопје, поради неговото претходно образование.

Имено, подносителот наведува дека --------- е ученик којшто по завршувањето на основното задолжително образование во приватно основно училиште, одлучил своето средно образование да го продолжи во ---------, насока ---------.

Согласно условите предвидени со Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година, објавен од страна на Министерството за образование и наука, ученикот поднел Пријава за упис во ---------. Тој во законски предвидениот рок испратил успешна електронска пријава со ИД бр. ---------.

На објавената листа со резултати од Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година, објавена на огласна табла во ---------, ученикот --------- бил рангиран на 305-тото место, со освоени вкупно 75.0000000000 поени. Согласно објавените резултати, ученикот сметал дека е квалификуван да полага приемен испит за да може да биде запишан во училиштето кое го избрал. Меѓутоа, на денот кога требало да се одржи приемниот испит, на ученикот од страна на училиштето му било оневозможено да полага приемен испит, што подносителот смета дека е поради фактот што ученикот своето основно образование го завршил во приватно училиште.

Имено, подносителот смета дека неговиот син е директно дискриминиран од страна на --------- поради неговото претходно образование, со оглед на тоа дека истиот ги имал исполнето сите услови предвидени со објавениот Конкурс од страна на МОН, односно имал поднесено уредна електронска пријава за упис во средно образование, по поднесувањето на пријавата истата била разгледана од страна на училиштето и имајќи предвид дека ученикот е рангиран на 305-тото место, истакнуваат дека се работи за ученик со континуиран одличен

успех и примерно поведение, а притоа има освоено повеќе од предвидениот минимум на поени потребни за упис во ---------.

Во однос на потребниот минимум на поени, согласно Конкурсот, предвидено било дека за упис на ученици во ---------, учениците за во билингвалната паралелка е потребно да освојат минимум 60 поени, додека ученикот имал освоено 15 поени повеќе од предвидениот минимум од страна на МОН, односно 75 поени.

Како индикатор дека е извршена дискриминација врз ученикот, подносителот го смета и фактот што ученикот и покрај тоа што има освоено 75 поени, сепак на објавената листа со резултати на огласната табла, тој се наоѓал под црвената линија, односно во групата на ученици коишто имаат освоено помалку од 75.0000000000 поени, односно не се примени. Ученикот бил единствен којшто со тој број на поени се наоѓа под црвената линија.

Од ова подносителот како заклучок извлекува дека училиштето го дискриминира ученикот единствено од причина што истиот завршил основно образование во приватно училиште, за кое напоменува дека е акредитирано од државата да дава образовни услуги, а со тоа што му го ускратува правото да полага приемен испит, го става во понеповолна положба во однос на другите ученици на кои тоа право им е овозможено.

Во прилог на претставката беа доставени:
1. Полномошно
2. Електронска пријава за упис со Идентификациски број ---------
3. Извадок од резултатите од Конкурсот истакнати на огласна табла.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 15.7.2025 година испрати Известување бр. 08-552/2 за произнесување по наводите од претставката до ---------.

На ден 4.8.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на ---------, заведено во Комисијата под бр. 08-552/3.

Во произнесувањето од училиштето најпрво известуваат дека ученикот --------- имал извршено електронско аплицирање во периодот од 14 до 17 јуни 2025 година, во првото електронско пријавување од јунскиот уписен рок, со тоа што испратил успешна електронска пријава.

Понатаму наведуваат дека согласно Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година објавен од страна на МОН и интерниот Оглас на --------- за запишување на ученици во учебната 2025/2026 година, во делот „III. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ" е наведено дека по успешното електронско пријавување, учениците во избраното јавно средно училиште ја доставуваат потребната документација, додека во делот „IV. КОНКУРСНИ РОКОВИ" по точката Прво електронско пријавување е наведено дека доставувањето на потребната документација до училиштата е на 18 јуни од 08.00 до 19.00 часот и 19 јуни од 08.00 до 17.00 часот.

Во предвидениот рок во --------- не биле доставени потребните документи за ученикот ---------, видно од листа за Пописот на документи/акти за пријава за упис на ученици во I-ва година гимназија.

По извршената проверка на пристигнатите документи, во предвидениот рок на ден 20 јуни 2025 година до 12:00 часот, Училишната комисија за запишување на ученици во I-ва година на огласна табла пред училиштето објавила ранг листа со резултатите од запишувањето во која биле: ученици кои се примени, ученици упатени на квалификациско тестирање и ученици кои се одбиени. Ученикот --------- бил под реден број 305 и се наоѓал во групата од реден број 266 до реден број 309, за кои во известувањето било јасно наведено дека се ученици кои се одбиени.

Ученикот --------- бил одбиен за упис во --------- поради тоа што истиот по електронското пријавување во предвидениот рок не ја доставил потребната документација во училиштето, а оттука Училишната комисија за рангирање немала примено на увид никаква документација за него, со цел согласно предвидените надлежности да изврши проверка на идентичност на податоците од доставените документи определени во Конкурсот со апликацијата.

Наводите во поднесената претставка дека --------- го дискриминирал ученикот --------- единствено од причина што истиот завршил основно образование во приватно училиште ги отфрлаат како неосновани, со оглед на фактот дека во училиштето во истиот уписен рок биле примени ученици од приватни основни училишта, а видно од објавената ранг листа со резултатите од запишувањето.

Согласно горенаведеното, истакнуваат дека единствената причина што ученикот --------- бил одбиен за упис во I-ва година во --------- бил фактот што при постапката за запишување, по извршеното електронско пријавување истиот не ја доставил потребната документација во училиштето, односно не се придржувал кон одредбите од Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година објавен од МОН и интерниот Оглас на --------- за запишување на ученици во учебната 2025/2026 година.

Во прилог на произнесувањето беа доставени:

1. Дел од Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година во Република Северна Македонија објавен од МОН;
2. Интерен Оглас на --------- за запишување на ученици во учебната 2025/2026 година;
3. Попис на документи/акти за пријава за упис на ученици во I-ва година гимназија и
4. Ранг листа на ученици со Известување.

По увид во наводите од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја утврди следната фактичка состојба:

Ученикот --------- во јунскиот уписен рок испратил успешна електронска пријава со ИД бр. --------- за упис во ---------. Понатаму, согласно интерниот Оглас бр. --------- од --------- година на ---------, по успешното електронско пријавување, ученикот бил должен во училиштето ја достави потребната документација, наведена во Конкурсот за запишување на ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година објавен од страна на МОН, во рокот наведен во Конкурсот. Ученикот не ја доставил потребната документација, па од тие причини, бил одбиен за упис во ---------. Видно од доставениот Попис на документи/акти за пријава за упис на ученици во I-ва година гимназија, тој не се наоѓа на списокот на ученици кои доставиле документи.

На објавената ранг листа, ученикот --------- бил рангиран на 305-тото место, со освоени вкупно 75.0000000000 поени, со што припаднал во групата ученици од реден број 266 до реден број 30, кои се одбиени.

Притоа, видно од доставената ранг листа на ученици, бр. --------- од --------- година, во --------- во првиот уписен рок биле запишани неколку ученици кои своето основно образование го завршиле во приватно училиште, и тоа учениците рангирани под реден број 9, 38, 39, 240 и 249.

Член **6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** ја дефинира дискриминацијата како:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што* ***се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел*

*или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други".*

Директната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа".*

Во конкретниот случај, ученикот по поднесување на електронската пријава за упис во --------- пропуштил да ја достави потребната документација до училиштето.

Имено, во Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта за учебната 2025/2026 година во Република Северна Македонија објавен од страна на Министерството за образование и наука во март 2025 година, под точка III. е наведено дека „по успешното електронско пријавување, учениците во избраното јавно средно училиште ја доставуваат следната документација [...]". Понатаму под точка IV. од Конкурсот се наведени роковите за доставување на потребната документација. Истата обврска е составен дел и од Огласот за запишување на ученици во учебната 2025/2026 година на ---------, бр. --------- од --------- година, под соодветните точки III. и IV.

Оттука, не може да стане збор за повреда на право или ограничување на одредено право на ученикот, бидејќи тој бил одбиен за упис во училиштето поради легитимна причина, односно поради фактот што не ја доставил потребната документација за упис, со што Училишната комисија не можела да изврши проверка на податоците.

Во однос на истакнатите наводи на подносителот дека била сторена дискриминација врз основа на лично својство и општествен статус, односно поради фактот што ученикот своето основно образование го завршил во приватно училиште, Комисијата го ценеше фактот што во јунскиот уписен рок во --------- биле примени неколку ученици кои своето основно образование го завршиле исто така во приватно училиште. Оттука, Комисијата заклучува дека не постоел различен или понеповолен третман на учениците од страна на училиштето по тој основ, со што не може да биде воспоставена ниту каузална врска помеѓу наведената дискриминаторска основа и наводната повреда.

Имајќи го предвид наведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- ---------
- ---------